Република Северна
Македонија
Општина Штип
Број 18-3152/12
19.08.2021г.

Градоначлникот на Општина Штип, решавајќи по барањето на инвеститорот Кирчо Симонов, за одобрување на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за Е1.13 површински соларни и фотоволтаични електрани на КП547/1, 547/2, 547/3, 547/4 и 547/5, КО Долани, Општина Штип, врз основа на член 62 став 7 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ", број 32/20) и член 51 став 3 од Статутот на Општината Штип („Службен гласник на Општината Штип", број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), го донесе следното

**РЕШЕНИЕ ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА**

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН, ЗА Е1.13 ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ
НА КП 547/1, 547/2, 547/3, 547/4 и 547/5, КО ДОЛАНИ,
ОПШТИНА ШТИП

1. **СЕ ОДОБРУВА** урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за Е1.13 површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 547/1, 547/2, 547/3, 547/4 и 547/5, КО Долани, Општина Штип изработена од Студио Атриум – ДОО Штип, со тех.број У-06/21.

**Образложение**

Инвеститорот Кирчо Симонов, поднесе барање за отпочнување на постапка за одобрување на урбанистички проект со број 18-3152/1 од 10.06.2021 година за одобрување на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за Е1.13 површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 547/1, 547/2, 547/3, 547/4 и 547/5, КО Долани, Општина Штип изработена од Студио Атриум – ДОО Штип, со тех.број У-06/21.

По прием на барањето, добиените позитивни мислења од институциите вклучени во постапката на одобрување на урбанистичкиот проект и добиениот позитивен извештај за стручна ревизија со Број РУ 66/21, изработен од јули 2021год. изработен од Урбан Гис ДОО Куманово согласно член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ", број 32/20), Комисијата за урбанизам на Општина Штип формирана од градоначалникот на Општината Штип, го одобри урбанистичкиот проект со извештај со позитивно мислење бр.18-3152/11 од 09.08.2021год со кој се потврдува дека урбанистичкиот проект е изработен во согласност со законот и прописите донесени врз

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ШТИП

основа на овој закон. Пред да се одобри урбанистичкиот проект од стручната комисија, надлежниот орган го стави урбанистичкиот проект на увид на јавноста со негово објавување на службената веб страна во траење од 15 дена.

Градоначалникот на Општина Штип, врз основа на приложената документација во информацискиот систем е-урбанизам, а согласно член 62 став 7 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ", број 32/20), одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Административна такса по тарифен број 85 од Законот за административни такси е уредно наплатена.

Изработил: Лидија Глигорова Јанкова,диа

Контролирал: Соња Китанова

**Градоначалник на**
**Општина Штип**

**Д-р Сашко Николов**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА ШТИП * ШТИП АСТИБО